Врз основа на член 25 од Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 28.02.2009 год., го донесе следниот

**ПЛАН И ПРОГРАМА**

за штедење и рационализација на трошоците за 2009 година во
Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

**I.** Со овој План и Програма се регулираат начините и видовите на штедење и рационализација на трошоците во сите делови од работењето на Агенцијата за 2009 година.

Заради намалување, односно рационализација на трошоците ќе се преземат следните мерки и тоа:

1. **Штедење на трошоците за електричната енергија и друг вид на огрев.**
   За штедење на електричната енергија ќе се преземат следните активности:
   **а.** Во работните простории на ниво на цела Агенција кои во зимски услови се загреваат со парно греење ќе се забрани користењето на дополнителни грејни тела (греалици, клима уреди и др.).
   **б.** Во РЦ и РЕ кои за затоплување на работните простории користат електрични печки, греалици и сл. веднаш ќе се пристапи кон редуцирање на користењето на грејните тела при што повеќе вработени ќе користат една работна просторија и ќе се врши нивно групирање во просториите.
   Раководителите на РЦ и РЕ ќе направат план за групирањето на вработените во просториите со цел да не се користат сите грејни тела, но имајќи во предвид да не се доведе во прашање извршувањето на функцијата на Агенцијата.
   Овие мерки и активности ќе се применуваат и во оние РЕ кои во зимскиот период работните простории ги затоплуваат со дрва или друг вид на огрев со што и тие ќе извршат групирање во простории со цел заеднички да се користи топлината од повеќе вработени.
2. **Штедење во трошењето средства за користење на фиксните телефони**
   Во овој правец ќе се преземаат чекори во почетокот да се изврши лимитирање во разговорите, односно ќе се определи лимит кој ќе им се признае како трошок. Над дозволениот лимит направените трошоци ќе паднат на товар на вработените.
   Во исто време ќе се испитаат можностите за користењето на интернетот како можност за вклучување на користење на бесплатни телефонски разговори. За оваа цел ќе се побараат понуди од повеќе оператори кои ја нудат оваа опција.
3. **Штедење на разговорите со мобилните телефони.**
   Заради намалување на трошоците на разговорите со мобилните телефони ќе се донесе одлука од страна на Директорот за определување на висината на трошоцита за разговорите кои што се признаваат. Над дозволениот лимит трошоците паѓаат на товар на работникот.
4. **Штедење на трошоците за користењето на вода.**

Во оваа насока Директорот ќе донесе наредба со која ќе ги задолши сите раководители во Агенцијата веднаш да преземат мерки за отстранување на разни дефекти кои што се јавуваат кај средствата при користењето вода (славини за чешми, WC казанчиња и др.).

5. **Штедење во километражата при употребувањето на возилата во извршувањето на теренските возила.**

   Во оваа насока ќе се задолжат сите вработени кои користат возила максимално да вршат штедење во километражата во вршењето на теренските активности. Секој раководител на РЦ и РЕ ќе се заложи да достави список на километри на одалеченоста од едно место до друго место почнувајќи од седиштето на РЦ и РЕ. Реалноќе се прикажуваат километрите и посетите на селските населби од страна на советниците.

   Во насока на штедење ќе се врши групирање на советниците да користат по можност заеднички едно возило во извршувањето на теренските активности. Ова од причина да се избегне дуплирање на работите, односно да се избегне еден советник денес да посети едно место, а друг советник сам тоа исто место да го посети наредниот ден.

   Оваа појава ќе ја следат раководителите на РЦ и РЕ заедно со раководителот на секторот за развој.

6. **Штедење во делот на материјалните средства кои им се даваат месечно на РЦ и РЕ.**

   Во оваа насока ќе се побара отчет од раководителите на РЦ и РЕ за тоа што се потрошени средствата кои им се даваат за материјални трошоци.

7. **Штедење во делот на плаќањето на надоместоците (закупнините) што ги плаќа Агенцијата за користењето на приватни деловни простории.**

   Со оглед дека Агенцијата за сместување на своите вработени користи приватни работни простории во некои РЕ, ќе се преземат чекори да се побараат простории имот на Р. Македонија, имот на локалната самоуправа или на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор се во функција на благовремено добивање и рационализација на трошоците во тој правец.

**II.** Со горните мерки од планот и програмата Директорот на Агенцијата да ги превземе сите неопходни мерки кои ќе бидат во функција на максимално штедење и рационализација не само во делот на горе набројаните мерки, туку и во сите други полиња кои не споменати со овој план и програма.

**III.** Со донесувањето на овој план и програма за штедење и рационализација веднаш да се пристапи кон реализација на предложените мерки.

Бр. 02 – 71 /5_________
Битола, 28.02.2009 год.

Претседател на Управен одбор
Проф. Д-р Живко Давчев